# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 24 септември 1960
Скопје
Број 31 Год. XVI

Претплатата за 1960 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**252.**

На основа член 37 став 1 од Законот за јавните патишта и точка в) од став 1 на член 3 од Основниот закон за прекршоците во согласност со Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет на НРМ издава

### НАРЕДБА
### ЗА ЗАБРАНА ЗА ВОДЕЊЕ И ТЕРАЊЕ НА ДОБИТОК ПО ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ОД I И II РЕД

I.

Се забранува терање на секаков вид крупен и ситен добиток по следните јавни патишта од I и II ред, и тоа:

1) Патот бр. 4 од I ред „Генерал Јанковиќ“ — Скопје — Титов Велес — Гевгелија — Грчка граница, на делот „Генерал Јанковиќ“ — Скопје — Титов Велес и на делот Демир Капија — Гевгелија — Грчка граница;

2) Патот бр. 5 од I ред Табановце — Куманово — Скопје — Дебар — Албанска граница, на делот Табановце — Куманово — Скопје — Тетово и на делот Гостивар — Дебар — Албанска граница;

3) Патот бр. 5 б) од I ред Куманово — Крива Паланка — Бугарска граница;

4) Патот бр. 15 од I ред Титов Велес — Штип — Кочани — Делчево — Бугарска граница;

5) Патот бр. 16 од I ред Градско — Дреново — Прилеп — Битола — Грчка граница;

6) Патот бр. 500 од II ред Титов Велес — Прилеп — Крушево;

7) Патот бр. 501 од II ред Дебар — Охрид — Битола;

8) Патот бр. 503 од II ред Штип — Струмица — Ново Село — Бугарска граница;

9) Патот бр. 504 од II ред Штип — Криволак — Неготино — Кавадарци — Дреновска клисура, на делот Неготино — Кавадарци;

10) Патот бр. 505 од II ред Делчево — Берово — Дабиље, на делот Делчево — Трабalmaотивиште и на делот од км. 25 (Јарукон Рид) — Берово;

11) Патот бр. 506 од II ред Удово — Валандово — Дојран — Грчка граница;

12) Патот бр. 507 од II ред Струмица — Раброво — Валандово;

13) Патот бр. 508 од II ред Страцин — Кратово — Крупиште;

14) Патот бр. 509 од II ред Куманово — Свети Николе — Овче Поле;

15) Патот бр. 511 од II ред Извор — Пресек — Подмоље;

16) Патот бр. 512 од II ред Охрид — Свети Наум;

17) Патот бр. 515 од II ред Макази — Стење (Албанска граница);

18) Патот бр. 516 од II ред Ресен — Љубојно — (Грчка граница);

19) Патот бр. 517 од II ред Ресен — Царев Двор и

20) Патот бр. 528 од II ред Тетово — Теарци — Качаник.

На релациите утврдени со претходниот став терањето на добитокот ќе се обавува по заобиколните патишта од III и IV ред.

Под терање на добиток во смисла на оваа наредба се подразбира водење или терање на повеќе од 2 грла крупен или ситен добиток од страна едно лице.

II.

Покрај забраната од претходната точка се забранува и водењето на добиток по следните јавни патишта од I и II ред, и тоа:

1) Патот бр. 4 од I ред „Генерал Јанковиќ“ — Скопје — Титов Велес — Гевгелија — Грчка граница на делот „Генерал Јанковиќ“ — Скопје — Титов Велес — и на делот Демир Капија — Гевгелија — Грчка граница;

2) Патот бр. 5 од I ред Табановце — Куманово — Скопје — Дебар — Албанска граница на делот Табановце — Куманово — Скопје — Тетово и на делот Гостивар — Маврово;

3) Патот бр. 5 б) од I ред Куманово — Крива Паланка — Бугарска граница;

4) Патот бр. 15 од I ред Титов Велес — Штип — Кочани — Делчево — Бугарска граница на делот Титов Велес — Штип — Кочани — село Мртвак (Калиманско Поле);

5) Патот бр. 16 од I ред Градско — Дреново — Прилеп — Битола — Грчка граница на делот Градско — Дреново и на делот Плетвар — Прилеп — Битола — Грчка граница;

6) Патот бр. 500 од II ред Титов Велес — Прилеп — Крушево на делот од Титов Велес — Извор и на делот од планинарски дом „Дервен“ до Прилеп;

7) Патот бр. 501 од II ред Дебар — Охрид — Битола на делот Струга — Охрид — Битола;

8) Патот бр. 503 од II ред Штип — Струмица — Ново Село — Бугарска граница на делот Штип — Струмица — Ново Село;

9) Патот бр. 504 од II ред Штип — Криволак — Неготино — Кавадарци — Дреновска Клисура, на делот Неготино — Кавадарци;

10) Патот бр. 505 од II ред Делчево — Берово — Дабиље на делот Делчево — Тработивиште и на

делот од км. 25 (Јаруков Рид) — Берово и на делот Хамзали — Дабиље;

11) Патот бр. 506 од II ред Удово — Валандово — Дојран — Грчка граница;

12) Патот бр. 507 од II ред Струмица — Раброво — Валандово;

13) Патот бр. 508 од II ред Страцин — Кратово — Крупиште на делот Кратово — Крупиште;

14) Патот бр. 509 од II ред Куманово — Свети Николе — Овче Поле;

15) Патот бр. 511 од II ред Извор — Прсек — Подмоље;

16) Патот бр. 512 од II ред Охрид — Свети Наум;

17) Патот бр. 515 од II ред Макази — Стење (Албанска граница) на делот Макази — Царев Двор — село Шурленци;

18) Патот бр. 516 од II ред Ресен — Љубојно (Грчка граница);

19) Патот бр. 517 од II ред Ресен — Царев Двор и

20) Патот бр. 528 од II ред Тетово — Теарци — Качаник.

На релациите утврдени со претходниот став водењето на добитокот ќе се обавува по заобиколните патишта од III и IV ред.

Под водење на добиток во смисла на оваа наредба се подразбира водење, јавање или терање на било каков број и вид на добиток.

III.

Претерувањето и преведувањето на добиток преку јавните патишта определени со точка I и II на оваа наредба е дозволено само на означени за таа цел премини.

IV

Дирекцијата за патишта на НРМ ќе постави соодветни знаци на местата дозволени за претерување и преведување на добиток преку јавните патишта определени со точка I и II на оваа наредба.

V.

Со парична казна од 500 динари ќе се казни за прекршок лице кое на јавен пат определен со точка I и II на оваа наредба, спротивно на оваа наредба:

1) Води или тера било каков вид крупен или ситен добиток и

2) Претерува или преведува добиток на места кои не се означени за таа цел.

Се овластуваат припадниците на Народната милиција, сообраќајните инспектори и патарите казните од претходниот став да ги наплатуваат од прекршителите на самото место.

VI.

Оваа наредба влегува во сила 30 дена по нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1983
30 јули 1960 година
Скопје

Секретар
за индустрија на ИС,
**Благој Попов,** с. р.

ИСПРАВКА

Во Законот за здравственото осигурување на земјоделските производители, објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 15/60 год., во членот 15 ст. 1 точка 4 по зборот „туберкулоза" се става запирка, а сврзникот „и" се брише.

**Од Редакцијата**

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-13068/2 од 10 август 1960 година, ја одобри промената на роденото име на Каили Хусније, роден на 10 јуни 1933 година во с. Брест, Скопска околија, од татко Арслани Расим и мајка Алили Рукије, така што во иднина роденото име ќе и' гласи **Сибе.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ".

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-6465/1 од 25 април 1960 година, ја одобри промената на роденото име Ѓозева Марика, родена на ден 15 октомври 1956 год. во гр. Радовиш, Штипска околија, од татко Ѓозев Љупчо и мајка Ѓозева, род. Кокушева Нада, така што во иднина роденото име ќе и' гласи **Снежанка.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (189)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-7882/1 од 18 мај 1960 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Чешларов Ангел, роден на 15 март 1934 година во Штип, Штипска околија, од татко Чешларов Димитрие и мајка Јелена, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Огњанов.**

Промената на фамилијарното име на Чешларов Ангел се протегнува и на малолетното му дете Чешларова Ленче, родена на 12 ноември 1959 година во Штип, Штипска околија.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (190)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-19107/4 од 17 мај 1960 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Јовановиќ Мусовски Петко, роден на ден 26 август 1934 година во село Палчиште, Битолска околија, од татко Јовановиќ Стале и мајка Чона, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Петровски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (191)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-10615/1 од 29 јуни 1960 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Дудановски Александар, роден на 25 јануари 1941 година во гр. Прилеп, од татко Јово Дудановски и мајка Дудановска Павлина, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Дојчиновски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (193)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-11986/1 од 12 јули 1960 година, ја одобри промената на роденото име на Мерцо Виценције, роден на 12 септември 1931 година во Мостар, НР Босна и Херцеговина од тат-

ко Мерцо Мате и мајка Мерцо, род. Јукиќ Љубица така што во иднина роденото име ќе му гласи **Вицко**.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (199

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-11509/1 од 5 јули 196 година, ја одобри промената на личното име на Јован Петровски, роден на 3 август 1937 год. во с. Могила, Битолска околија, од татко Петровски Илија и мајка Стојанка, така што во иднина личното име ќе му гласи **Масалковски Јонче.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (200

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-7069/2 од 30 мај 196 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Ѓуров Трајан, роден на 11 март 1929 година, в с. Марчино, Штипска околија, од татко Ѓуров Стојан и мајка Ленка, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Јовчев.**

Промената на фамилијарното име на Ѓуров Трајан се протегнува и на неговите малолетни деца Тоса, родена на 11 април 1950 год. во с. Батање Штипска околија; Мијалче, роден на 15 март 195 год. во с. Батање; Делчо, роден на 10 март 1955 год. во с. Батање; и Трифчо, роден на 21 декември 195 година во с. Батање.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (201

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-9564/1 од 9 јуни 196 година, ја одобри промената на роденото име на Санева Љубица, родена на ден 10 октомври 193 година во с. Богословец, Штипска околија, од татко Санев Петар и мајка Санева Кона, така што во иднина роденото име ќе и' гласи **Ангелина.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“. (204

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Демири Исен Назиф, од Скопје, ул. „130“ бр 40-а поднесе тужба за бракоразвод против Демири Ајше, сега во неизвесност.

Се повикува тужената Демири Ајше, сега в неизвесност, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ“ да ја со општи на судот својата адреса или да се јави лично. Во противен случај ќе и' биде одреден старател кој ќе ја застапува на расправата на нејзини раз носки.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 392/60. (198

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Тужителката Илинка Стаменкова, од с. Град Штипско, поднесе до овој суд тужба за утврдување на очинство против Митевски Андреа, од с. Чифлик, Штипско, сега со последен боравок во Белград.

Бидејќи точната адреса и местожителството на туженриот Андреа не е познато, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Александар Паризов, дипломиран правник при Окружниот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, Г. бр. 382/59. (196)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При овој суд се води постапка за прогласување за умрени лицата Мрчески Т. Димко и неговиот син Мрчески Д. Аце, обата од с. Дабница, НОО — Прилеп, околија Битолска, за кои се претполага дека се стрелани од окупаторските власти през месец септември 1944 година.

Се поканува секој, што знае нешто за истите лица, да јави на овој суд во рок од 3 месеци, сметано од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ“.

Од Околискиот суд во Прилеп, Р. бр. 565/60. (197)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО КРИВА ПАЛАНКА

При овој суд е покрената постапка за прогласување за умрен лицето Петруш Тодосов Цветановски, бив. од село Одрено, кој во 1944 година исчезнал и до денеска сé нема јавено.

Се поканува нестанатиот Петруш Тодосов Цветановски, како и секој оној што знае нешто за него, да јави на судот или на неговиот старател Тодос Денков Тодоровски, од село Одрено, во рок од три месеци од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ“. Во противно нестанатиот ќе се огласи за умрен.

Од Околискиот суд во Крива Паланка, Р. бр. 68/60. (195)

## РЕГИСРАЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 23-II-1959 година под рег. бр. 1/57, свеска I е запишано следното: Сообразно со пречистениот текст на Уредбата за земјоделските задруги, Земјоделската задруга „Братство“, с. Кременица, Битолска околија, ги промени своите правила и во иднина ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;

2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;

3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;

4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;

5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);

6. преработка и доработка на земјоделски производи;

7. организирање на штедење и кредитирање;

8. стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;

9. трговија со индустриски и колонијални стоки за широка потрошувачка.

Се овластува Коста Поповски, покрај лицата Јоше Божиновски и Јусуф Рахмановски, да ја потпишува Земјоделската задруга „Братство", с. Кременица.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 135/59. (1236)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-VII-1959 год. под рег. бр. 67/55, свеска V е запишано следното: Се стеснува дејноста на Керамичкиот комбинат „Вранештица" од Кичево, и не може да врши производство на вар, тули и камен.

Комбинатот има својство само на претпријатие во изградба.

Точката два од решението за основање на Комбинатот бр. 10651 од 22-VII-1955 год. се ставува вон сила.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 320/59. (1490)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 16-III-1959 година под рег. бр. 33/55, свеска I е запишано следното: Сообразно со пречистениот текст на Уредбата за земјоделските задруги, Земјоделската задруга „Атанас Мијаковски", с. Добровени, Битолска околија, ги промени своите правила и во иднина ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;

2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;

3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;

4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;

5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);

6. преработка и доработка на земјоделски производи;

7. организирање на штедење и кредитирање;

8. стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;

9. сточарство;

10. трговија со индустриски и колонијални стоки.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 180/59. (1238)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-VII-1959 год. под рег. бр. 2/57, свеска III е запишано следното: Се менува фирмата на досегашното Аутотранспортно претпријатие „Струга" — Струга, и во иднина ќе гласи: Авто-транспорт и шпедиција „Струга", Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 324/59. (1491)

---

Окружниот стопански суд во Битола на 15-VII-1959 год., под рег. бр. 188/55 е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Методија Наумов. Отсега Претпријатието за изработка на земјоделски алати „Земјоделец" во Битола ќе го потпишува в. д. директорот Велко Лазаров Видимче.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 317/59. (1492)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува објавува дека во регистарот на задругите на 11-III-1959 година под рег. бр. 42/55, свеска III е запишано следното: Сообразно со пречистениот текст на Уредбата за земјоделските задруги, Земјоделската задруга „Корабица", с. Лескоец, Охридска околија, ги промени своите правила и во иднина ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;

2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;

3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;

4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;

5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);

6. преработка и доработка на земјоделски производи;

7. организирање на штедење и кредитирање;

8. стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;

9. трговија со индустриски и прехранбени стоки;

10. производство и продажба на вар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 158/59. (1247)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 92, страна 333 е запишано следното: Досегашните потписници на Земјоделската задруга „Единство", с. Миравци, Титовврелешка околија, и тоа: Александар А. Николовски, управник, и Цуклевски Атанасов Никола се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За управник на задругата е назначен Биновски Петров Ристо. Тој задругата ќе ја потпишува, за-

должува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Ристо Блажев, книговодител, сметано од 1-VII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 596/59. (1498)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 39 на страна 153 е запишано следното: Народниот одбор на општината Жеровјане, со решението бр. 04-38/1 од 27-II-1959 година, ги потврди правилата на Земјоделската задруга „Маздрача", с. Неготино, Тетовска околија, според кој задругата ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;
2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;
3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;
4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;
5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);
6. преработка и доработка на земјоделски производи;
7. организирање на штедење и кредитирање:
8. стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;
9. машински парк;
10. откуп на селскостопански производи;
11. преработка на дрва;
12. преработка на волна;
13. сточарство.

Согласно со записникот од одржаното собрание на 29-III-1959 год. стариот управен одбор на задругата е разрешен од должност. За членови на управниот одбор се избрани следните лица: Неџбедин Јашари, претседател на управниот одбор, Мусли Фидани, Хајредин Бајрами, Куртали Адили, Муцаит Сејдија, Мурат Мемети и Адем Зулбеари.

Досегашните потписници на задругата Илми Адеми, претседател, и Вели Јаја, член на управниот одбор, се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се избрани следните лица: Неџбедин Јашари, претседател на управниот одбор, Кашиф Ќамили, благајник, и Осман Шулани, книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 569/59. (1470)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-VI-1959 год. под рег. бр. 13/58 е запишана промената на фирмата и дејноста на Трговското претпријатие на големо и мало „Црни врв", с. Кукуречани, Битолско, и тоа како следува:

1) Претпријатието отсега ќе ја носи следната фирма: Трговско претпријатие на мало „Црни врв", с. Кукуречани — Битолско.

2) Претпријатието под горната фирма отсега ќе ја врши следната дејност: внатрешен промет со купопродажба на стоки од следните трговски струки: текстил, кратка и плетена стока и конфекција; галантериско-базарска стока и играчки; јажарска стока, конопени и јутени производи, чевли; производи од гума и пластична материја; железарска и метална стока, велосипеди, машини за шиење и прибор; нафтени деривати, мазива, уља и масти; електротехнички материјали; саати и изработки од племенити метали; бои, лакови, хемикалии и прибор, парфимериска и козметичка стока; градежен материјал, огревно дрво и јаглен; стакло, порцулан и керамичка стока; намештај; канцелариски материјал, хартија и прибор за пишување; таксени марки и хартии од вредност; месо и месни производи; житарици и млински преработки; животни намирници и предмети за куќни потреби; производи од шеќер и какао; преработки од овошје и зеленчук; алкохолни и безалкохолни пијалоци; тутунски преработки и кибрит и разна мешана индустриска стока.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 297/59. (1429)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-VII-1959 год. под рег. бр. 45/55 е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Ристо Ѓорѓиевски, досегашен директор на Фабриката за шеќер во изградба во Битола. Отсега Фабриката ќе ја потпишува новоназначениот директор инж. Стеван Секулиќ.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 312/59. (1493)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-VII-1959 год. под рег. бр. 2/57 е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Миле Николовски, досегашен директор на Автотранспортното претпријатие „Струга" во Струга. Отсега претпријатието ќе го потпишува новоназначениот директор Васил Дурацовски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 319/59. (1494)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 227 страна 651 е запишано следното: Согласно со одлуката на работничкиот совет на Фабриката за огноотпорни материјали „Силика" — Гостивар, покрај досегашните потписници и тоа: Александар Ристовски, директор, и Томе Бислимовски, шеф на сметководството, фабриката ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и Давидовски Љубев Видоја, шеф на производството, сметано од 18-VII-1959 година.

Потписникот Дуцевски Ѓоре во иднина нема да ја потпишува фирмата, бидејќи е разрешен од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 598/59. (1499)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 169 на страна 449 е запишано следното Инж. Георги Макаренко, досегашен раководител на Градежното претпријатие „Маврово" — Гостивар — Проектантско биро (погон на претпријатието), Гостивар, е разрешен од должност и му престанува правото да го претставува погонот.

За раководител на погонот е назначен инж. Димитри Анастасов Симончо, сметано од 25-VI-1959 година, согласно со одлуката на управниот одбор на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 592/59. (1500)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 89, страна 209 е запишано следното: Владо Христов, досегашен раководител на Угостителскиот дуќан-кујна „Охрид" — Гостивар, е разрешен од должноста раководител а понатака ќе остане службеникот во дуќанот и ќе биде потписник како службеник.

Исто така и досегашниот потписник Нешат Рамадани е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на дуќанот со решението на Народниот одбор на општината Гостивар бр. 469 од 18-IV-1959 година е назначен Саити Абдулбари. Тој дуќанот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Владо Христов, службеник.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 616/59. (1501)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 353, страна 1153 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Богданци бр. 3500/1-58 од 24-VII-1959 година, дејноста на Мешовитото задружно трговско претпријатие „15 мај" Нови Дојран во иднина е: продажба на текстил, конфекција, електричен материјал, прехранбени производи, алкохолни пијалоци, мешана индустриска стока, зеленчук, овошје, преработка на леб и разни други печива и занаетчиство, кое почнува со работа од 1-X-1958 година со касапниците.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 622/59. (1502)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 206 на страна 551 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Сточарското стопанство „Црвени брегови" во Неготино Љубиша Милиќ, директор, заменик директорот Иван Ристиќ и шефот на сметководството Јован Ќупиќ, претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот книговодител Ѓорѓи Костадинов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 585/59. (1507)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 363, страна 19 е запишано следното: Никола Кушев, досегашен потписник на Индустриското рударско претпријатие во изградба „Рудник" — Неготино, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување, сметано од 1-VII-1959 година.

За потписник на претпријатието во иднина останува само директорот Перо Јовановски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 597/59. (1508)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 491 на страна 1380 е запишано следното: Зековски Благоја, досегашен в. д. директор на Занаетчиското претпријатие „Метал" — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието со решението на Народниот одбор на општината „Кале" — Скопје бр. 7283 од 2-VII-1959 година, е назначен Малиновски Спиров Добри. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Слободанка Боцева, книговодител, сметано од 1-VII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 589/59. (1520)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 175 на страна 467 е запишано следното: Ламбе Пановски, досегашен потписник на Угостителското претпријатие „Пелистер", Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на претпријатието е назначен Илија Кондевски, шеф на сметководството. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот потписник Масевски Јордан, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 604/59. (1521)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 221 на страна 585 е запишано следното: Блажо Ристоманов, досегашен директор на Градежното претпријатие „Бетон" — Скопје, со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 17662 од 27-XI-1958 година, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието, со решението на НО на општината „Идадија" — Скопје бр. 664/1 од 7-II-1959 год., е назначен инженерот Димче Малиновски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со Тодор Вељанов, директор на стопанско-сметководниот сектор, Никола Арсовски, шеф на сметководството, и Благоја Танасовски, секретар на претпријатието, сметано од 15-II-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 577/59. (1522)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 221 на страна 585 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје — Совет за стопанство, донесено на редовната седница, одржана на 9-VII-1956 год., дејноста на Градежното претпријатие „Бетон" — Скопје, во иднина се проширува и со: вршење на транспортни услуги.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 576/59. (1523)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 143 на страна 385 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието трговски дуќан „Штофара" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 203 од 30-VI-1959 год. е припоено кон новоформираното Претпријатие за промет со галантерија, метражна стока, текстил и конфекција.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 607/59. (1529)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 218 на страна 579 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието-трговски дуќан за индустриски стоки „Мода" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 203 од 30-VI-1959 год. е припоено кон новоформираното Претпријатие на мало за промет со галантерија, метражна стока, текстил и конфекција „Модни магазин" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 609/59. (1530)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 363 на страна 965 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието-трговски дуќан за индустриски стоки „Модни магазин" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода" — Скопје бр. 203 од 30-VI-1959 година е припоено кон новоформираното Претпријатие на мало за промет со галантерија, метражна стока, текстил и конфекција „Модни магазин" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 608/59. (1531)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 98 на страна 253 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговскиот дуќан „Дворови" — Титов Велес, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес бр. 2463/1 од 26-III-1959 година е припоен кон Трговското претпријатие „Илинден" — Титов Велес, сметано од 31-III-1959 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 388/59. (1534)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 287 на страна 837 е запишано следното: Земјоделското стопанство „Чука", с. Сујаклари, Титоввелешка околија, покрај досегашниот потписник директорот Радослав Гиовски, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и шефот на сметководството Меделковски Стојанов Алексо.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 602/59. (1535)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 8 на страна 227 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес бр. 01-4709 од 9-VII-1959 година дејноста на Претпријатието „Проектанско биро" — Титов Велес во иднина се проширува, покрај вршење на проектански услуги од градежната гранка, и со: изработка на инвестициони програми за изградба и проширување во индустријата, трговијата, занаетчиство, угостителство и земјоделство, како и изработка на инвестициони елаборати. Досегашниот потписник Темелков Чедомир е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 617/59. (1536)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 43 на страна 169 е запишано следното: Народниот одбор на општината Тетово, со решението бр. 6534/1 од 29-VI-1959 година, ги потврди правилата на Земјоделската задруга „Слобода", с. Џепчиште, Тетовско, според кој задругата ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;
2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;
3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;
4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;
5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);
6. преработка и доработка на земјоделски производи;
7. организирање на штедење и кредитирање;
8. стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;
9. откуп и продажба на сите видови земјоделски и сточни производи;
10. машински парк;
11. сезонска мандра.

Потписници на задругата и понатака остануваат старите и тоа: Феми Садули, претседател, и Веби Реџепи, член на управниот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 595/59. (1542)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 33 на страна 129 е запишано следното: Народниот одбор на општината Жеровјане, со решението бр. 04-6550/1 од 7-II-1959 год. ги потврди правилата на Земјоделската задруга „Полог", с. Градец, Тетовска околија, според кој задругата ќе ги врши следните дејности:

1. земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;

2. организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;

3. укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство;

4. договарање вишоци од земјоделското производство на своето подрачје, преземање и нивни пласман;

5. снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);

6. преработка и доработка на земјоделски производи;

7. организирање на штедење и кредитирање;

8. стручно издигање на кадри нужни за стопанската активност на задругата;

9. земјоделство;

10. откуп на земјоделски производи;

11. селскостопански машински парк.

Досегашниот управен одбор на задругата е разрешен од должност. За членови на новиот управен одбор се избрани следните лица: Авзија Есатах Нешат, Деари Салија Авзи, Алија Исмаила Мемет, Абази Јунуза Бајрам, Аљиљи Бецета Љутви, Алити Бајрама Осман и Илјази Асана Беќир.

Задругата и понатака ќе ја потпишуваат старите потписници и тоа: Беќири Иљази, претседател и Османи Ведри, а потписникот Селим Рушити е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 567/59. (1538)

# КОНКУРСИ

**ФАКУЛТЕТСКИОТ СОВЕТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ**

**распишува**

**К О Н К У Р С**

I. На Инфективната клиника на Медицинскиот факултет

— за еден Доцент

II. На Фармаколошкиот институт на Медицинскиот факултет

— за еден Лекар

Кандидатот под I заедно со пријавата треба да поднесе диплома за завршен медицински факултет, хабилитационен труд, кратка биографија, список на научни трудови со по еден примерок од нив и сите други документи предвидени по чл. 31 од ЗЈС.

Кандидатот под II заедно со пријавата треба да поднесе диплома за завршен медицински факултет и сите документи предвидени по чл. 31 од ЗЈС.

Овој конкурс трае 15 дена по објавувањето.

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на Медицинскиот факултет — Скопје.

---

**Заводот за културно-просветен и наставен филм на НРМ во Скопје**

распишува

**К О Н К У Р С**

**за пополнување на работното место Филмотекар**

Услови: Завршено средно образование. Плата по Законот за јавните службеници.

Молбите се доставуваат до Заводот, ул. „29 ноември" бр. 46, најдоцна до 15 октомври 1960 год. Стапување на работа од 1 ноември 1960 год. (1368)

---

**Конкурсната комисија за пополнување на службеничките места во Земјоделско-шумарската комора на Скопска околија — Скопје**

распишува

**К О Н К У Р С**

**за пополнување на следните работни места:**

1. Секретар на секцијата за сточарство 1

2. Секретар на секцијата за овоштарство, лозарство и кадрови 1.

Услови: завршен земјоделски факултет со 5 години практика.

Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна по Одлуката за положајните плати на Управниот одбор на комората.

Настап на работа од 1-XI-1960 година.

Молбите со потребните документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници се поднесуваат до Конкурсната комисија на Комората во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (1367)

---

**СОДРЖИНА**

Стр.

252. Наредба за забрана за водење и терање на добиток по јавните патишта од I и II ред. — — — — — — — — 563

**Издавач: „Службен весник на НРМ" — новинско-издавачко претпријатие, Скопје ул. „29 ноември" бр. 10. Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802-11/1-692 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев" (4990) — Скопје**